Министерот за животна средина и просторно планирање врз основа на член 55 став 1 и член 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со Наредба за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) (“Сл. весник на РСМ” бр. 13/24), донесе

## УПАТСТВО

## ЗА ПОБЛИСКИ УСЛОВИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА УВОЗОТ НА ФЛУОРИРАНИ ЈАГЛЕВОДОРОДИ (HFC) ВО 2025 ГОДИНА

Член 1

Со ова упатство се пропишуваат поблиските услови за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC)[1] во 2025 година.

Член 2

Ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) во 2025 година се врши врз основа на пресметаниот просек на увезени количини на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022 година кој изнесува 357,938 t $CO_2$ eq.

Член 3

Деведесет проценти од количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) од член 2 на ова Упатство се доделува за увоз на компаниите кои се појавиле како увозници на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот 2020-2022

Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor në bazë të nenit 55 paragrafi 1 dhe neni 56 paragrafi 3 nga Ligji për Organizimin dhe Punë e Organizatës së Administratës shtetërore („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 58/00, 44/02, 82/ 08, 167/10, 51/11 dhe „ Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së veriut “ nr. 96/19, 110/19 и 121/24), dhe në lidhje me Udhëzimin për kufizime në importin e hidrokarbureve të fluorizuar (HFC) (“Gazeta Zyrtare e RSM” nr. 13/24), miratuar

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 25-278/1
20-01-2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## UDHËZIMI

## PËR KUSHTET E PËRAFËRTA PËR KUFIZIMIN E IMPORTIT TË HIDROKARBUREVE TË FLORUARA (HFC) PËR VITIN 2025

Neni 1

Me kët udhëzim përcakton kushtet më të afërta për kufizimin e importit të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) në vitin 2025.

Neni 2

Kufizimi i importit të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) në vitin 2025 kryhet mbi bazën e mesatares së llogaritur të sasisë së importuar të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) gjatë periudhës 2020-2022, që përbën 357,938 t CO2 eq.

Neni 3

Nëntëdhjetë përqind e sasisë së hidrokarbureve të fluoruara (HFC) nga neni 2 i këtij Udhëzimi bëhet ndarja

[1] Супстанции од Прилогот на Наредбата за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) и смеси кои содржат супстанции од Прилогот на Наредбата за ограничување на увозот на флуорирани јаглеводороди (HFC) (пример: HFC-404a, HFC-410a, HFC-507, HFC-407c, R-449A, R-448A и други).

година (во понатамошниот текст: стари увозници).

Старите увозници треба да имале континуиран увоз на HFC во наведениот период од 2020-2023 година.

Старите увозници аплицираат на објавениот Конкурс за доделување на одредени количини за увоз на флуорирани јаглеводороди (HFC) во 2025 година на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање за да им бидат доделени количини на HFC за увоз.

Увозниците ќе бидат информирани за доделената квота по писмен пат во рок од дваесет дена од завршувањето на Конкурсот за доделување на одредени количини за увоз на флуорирани јаглеводороди (HFC) во 2025 година.

Увезената количина во 2025 година која е согласно издадена дозвола во текот на 2024 година е составен дел на дозволената квота во 2024 година.

Член 4

Десет проценти од количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) од член 2 на ова Упатство се доделува за увоз компаниите кои не припаѓаат во групата на стари увозници а кои аплицираат за увоз на флуорирани јаглеводороди (HFC) во периодот од месец јануари до крајот на месец октомври 2025 година. (во понатамошниот текст: нови увозници). Количината на флуорирани јаглеводороди (HFC) која се доделува на нов увозник не надминува 30% од количината планирана за новите увозници.

Доделувањето на количината од став 1 се врши на принципот „прв дојден-прв услужен“.

Член 5

Увозниците при апликација за увоз на HFC, покрај податоците наведени во Упатството

për import kompanive që kanë qenë importues të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) gjatë periudhës 2020-2022 (në tekstin vijues: importues të vjetër).

Importuesit e vjetër duhet të kenë pasur import të vazhdueshëm të HFC gjatë periudhës së përmendur prej 2020-2023.

Importuesit e vjetër aplikojnë në Konkursin e shpallur për ndarjen e sasive të caktuara për import të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) për vitin 2025, të publikuar në faqen e internetit të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, që t'u caktohen sasitë për import të HFC.

Importuesit do të informohen me shkrim për kuotën e caktuar brenda njëzet ditësh nga përfundimi i Konkursit për ndarjen e sasive të caktuara për import të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) për vitin 2025.

Sasia e importuar në vitin 2025, që është në përputhje me lejen e dhënë gjatë vitit 2024, është pjesë përbërëse e kuotës së lejuar për vitin 2024.

Neni 4

Dhjetë për qind e sasisë së hidrokarbureve të fluoruara (HFC) nga neni 2 i këtij udhëzimi i caktohet për import kompanive që nuk i përkasin grupit të importuesve të vjetër dhe që aplikojnë për import të hidrokarbureve të fluoruara (HFC) gjatë periudhës nga muaji janar deri në fund të muajit tetor 2025 (në tekstin vijues: importues të rinj). Sasia e hidrokarbureve të fluoruara (HFC) që i caktohet një importuesi të ri nuk tejkalon 30% të sasisë së planifikuar për importuesit e rinj.

Caktimi i sasisë nga paragrafi 1 kryhet mbi parimin "i pari që vjen, i pari që shërbehet".

Neni 5

Importuesit, gjatë aplikimit për import të HFC, përveç të dhënave të përcaktuara në Udhëzimin për të

за поблиски податоци потребни за издавање дозвола на стоки кои се увезуваат-извезуваат под ознака Д4 број 02-6866 од 26.11.2016 година, доставуваат и Извод од тековна состојба издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија и Решение-одобрение за вршење на дејност промет на големо со хемикалии од Министерство за здравство.

Член 6

За добивање на дозвола на флуорирани јаглеводороди (HFC) се поднесува електронска апликација до web порталот на Exim.gov.mk од страна на старите и новите увозници

После секој увоз на флуорирани јаглеводороди (HFC) увозникот доставува извештај за увезената количина заедно со копија од царинската декларација.

Член 7

Ова Упатство влегува во сила наредниот ден од денот на потпишувањето и објавувањето на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

dhëna më të afërta të nevojshme për dhënien e lejes për mallrat që importohen-eksportohen nën kodin D4 numër 02-6866 të datës 26.11.2016, duhet të dorëzojnë dhe një Ekstrakt nga gjendja aktuale e lëshuar nga Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Vendim për kryerjen e veprimtarisë së tregtisë me shumicë të kimikateve nga Ministria e Shëndetësisë.

Neni 6

Për marrjen e lejes për hidrokarburet e fluoruara (HFC) bëhet aplikim elektronik në portalin e internetit të **Exim.gov.mk** nga ana e importuesve të vjetër dhe të rinj.

Pas çdo importi të hidrokarbureve të fluoruara (HFC), importuesi dorëzon një raport për sasinë e importuar së bashku me një kopje të deklaratës doganore.

Neni 7

Ky udhëzim hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e nënshkrimit dhe publikimit në faqen e internetit të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor.

**Ministri**
**Izet Mexhiti**

Изработил/Përpiloi: Емилија Ќупева Неделкова

Контролирал/Kontrolloi: Тања Пауновска, Nazim Aliti

Согласен:
Одобрил/Miratoi:Државен секретар/Sekretari Shtetëror Resmi Ejupi

в.д. Директор
Игор Никоски

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të:
Husamet Agushovski

Nedim Rama